# ЗАКЛУЧОЦИ
**усвоени на**
**3-тиот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржан на 17.06.2013**

***Настевска v. РМ***
***Атанасов v. РМ***

1. Се препорачува кривичниот оддел на Врховниот суд на РМ најдоцна до крајот на септември да одржи средба со претставници од апелационите судови во државата на која ќе бидат дадени насоки за начинот на постапувањето на пониските судови и примената на релевантните одредби од ЗКП во линија на барањата на ЕСЧП во споменатите пресуди, а во функција на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП.

**Пападакис v. РМ**

1. Основниот суд Скопје I Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, во однос на тоа дали апликантот поднел предлог за повторување на кривичната постапка во однос на која ЕСЧП со пресудата Пападакис v. РМ констатираше поверда на ЕКЧП, како и за евентуалната одлука во однос на таквиот предлог, која пропратно треба да биде доставена во фотокопија.

2. АСЈО во период од септеври до крајот на 2013 година да организира обука за пошироко запознавање на кривичните судии во државата со принципите на ЕСЧП во однос на членот 6 од ЕКЧП во однос на начинот на давање на статус на заштитен сведок, неговото сослушување и критериумите за оценка на нивното сведочење, содржани во пресудата Пападакис v. RM.

**Симе Митрески v. РМ**

1. Се препорачува кривичниот оддел на Врховниот суд на РМ најдоцна до крајот на септември да одржи средба со претставници од апелационите судови во државата на која ќе бидат дадени насоки за начинот на постапувањето на пониските судови и примената на релевантните одредби од ЗКП во линија на барањата на ЕСЧП во споменатите пресуди, а во функција на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП.

2. Се препорачува работното тело за зимени на ЗКП да ја разгледа потребата за измени на ЗКП во функција на извршување на пресудата на ЕСЧП, и во истото да биде вклучен и Директорот на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

**Ел Масри v. РМ**

1. Основниот суд Скопје II Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, за тоа во која фаза се наоѓа предметот П.бр. 412/09 по тужба заведена од страна на апликантот пртоив РМ-МВР за надомест на нематеријална штета и доколку предметот е завршен да се достави копија од соодветната судска одлука.
2. МВР во наредниот период од 2 недели да се произнесе во однос на можните мерки во врска со извршувањето на пресудата, а потоа да биде свикана нова седница на меѓуресорската комисија на која истите ќе бидат разгледани.

**Бочварска v. РМ**

1. В.Д. Претседателот на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во соработка со г-дин Николчо Николовски, судија во Врховниот суд на РМ да дефинираат и упатат листа на прашања до стечајниот судија на АД Газела преку кои ќе може да се согледа моменталната состојба на должникот, како и можноста од донесување на заклучокот предложен од страна на Министерот за правда на денешната седница.

**Радко и Паунковски v. РМ**

1. Се препорачува Управниот суд на РМ преку Министерството за правда - Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во контекст на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Радко и Пауновски v. РМ, во рок од 15 дена да достави информација за текот и евентуалниот исход од поведениот управен спор од страна на Здружението РАДКО против второстепената одлука на Централниот регистар на РМ за одбивање на уписот во ЦР на РМ, како и да достави приложено фотокопија од соодветната судска одлука.

В.Д. Директор на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
Blerim Bexheti